Бр./Nr 12-1755/2

24-07-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1755/1 од 09.04.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконито и коруптивно постапување при вршење на судиска функција во постапка пред Основен суд ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметниот случај, од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1755/1 од 09.04.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставена пријава заведена под број 12-1755/1, со наводи за незаконито и коруптивно постапување при водење судска постапка пред Основен суд ----, поврзана со постапки за заштита на владение и утврдување на права во врска со недвижен имот на подрачјето на КО ----, Општина ----.

Во пријавата подносителот наведува дека во судските постапки и во постапувањето на судот биле сторени незаконитости, при што се укажува на наводно неправилно утврдување на фактичката состојба, постапување спротивно на приложените

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

докази, како и на донесување одлуки со кои биле повредени неговите права и интереси. Дополнително, во пријавата се наведуваат и околности поврзани со користење и узурпација на недвижен имот, како и претходни постапки пред други институции и органи.

Од увидот во приложената документација произлегува дека во конкретниот случај се работи за прашања поврзани со судско постапување, донесени судски одлуки и оценка на работата на судија и суд, односно за прашања за кои согласно член 40 став 1 алинеи 5 и 14 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.269/2025), надлежен е Судскиот совет на Република Северна Македонија, кој ја следи и оценува работата на судиите и постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

Имајќи предвид дека предметните наводи се однесуваат на законитоста и правилноста на судското постапување и донесените судски одлуки, ДКСК констатира дека во конкретниот случај нема елементи за нејзино надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што предметната пријава да се достави на понатамошно надлежно постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., член/anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk